# Предизвиците и потребите на младинскиот граѓански сектор за време на КОВИД 19

Април 2020



Република Северна Македонија

# Извештај за состојбата на младинскиот граѓански сектор во време на Ковид 19

Појавата на пандемијата КОВИД 19 во светот предизвика промени и во работата на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија.
Поради состојбата со која се соочија најголем дел од организациите кои работат со млади, група младински организации креираше прашалник со цел да се препознаат предизвиците и потребите на секторот.
Во исто време, на овој начин се овозможи креирање на платформа која послужи за препознавање на областите во кои младинските организации активно работат во услови на криза и ја покажа нивната подготвеност за адаптација и придонес во сфери суштествени за функционирање на целото општество во услови на прогласена пандемија.
Резултатите од овој прашалник исто така ги идентификуваше и главните потреби на младинските организации и генерираше препораки кои ги посочија клучните сектори и начините за вклучување на овој сектор од страна на државата во услови на ваква и слични пандемии во иднина. Препораките и предлозите се доставени до релевантни чинители во Република Северна Македонија.

## МЛАДИНСКИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

Прашалникот беше дистрибуиран во периодот од 2ри до 10ти април и на него одговори дадоа 40 младински организации и организации кои работат со млади во земјата.
Покрај секторот **млади,** најголем дел од организациите работат во следните области:
*неформално образование,
*волонтаризам,
*младински активизам и учество,
*претприемништво,
*човекови права,
*медиумска писменост.
Најголем дел од младинските организации работат на национално ниво (40%), потоа локално (37%), регионално (18%) и само 5% делуваат на меѓународно ниво.



Предизвици: со какви проблеми се соочува вашата организација и како ја координирате целата ситуација?

Answered: 40 Skipped: 0




| ANSWER CHOICES | RESPONSES | |
|---|---|---|
| недостаток на опрема | 32.50% | 13 |
| откажани или поместени проекти | 82.50% | 33 |
| недостаток на финансии | 70.00% | 28 |
| неможност на завршување на тековни административно и финансиски обврски | 52.50% | 21 |
| отпуштање на ангажирани лица и персонал | 25.00% | 10 |
| друго Responses | 17.50% | |

## ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОСОТОЈБА НА КОВИД 19

Во насока на конкретните предизвици со кои се соочуваат младинските организации за време на кризата, најголем дел од нив како најголем предизвик го препознаваат **откажувањето и одложувањето на настаните,** но исто така, во голем процент имаат и **недостаток на финансии,** како и **неможност да ги завршат тековните административно и финансиски обврски,** поради отежнатото движење и не функционирањето на сите институции. Не е мал процентот и на оние кои имаат **недостаток на опрема за адаптација на работа онлајн и секако отпуштање на лица и персонал** кој ќе следува во наредниот период поради одложени или откажани проекти. Исто така, некои организации се соочуваат и со проблеми на неможност на координација со своите членови и одржување на тимот како и немање конкретни насоки и помош од донаторите.

Програми: какви содржини нуди вашата организација во насока на подигнување на свеста за јавното здравје или други активности поврзани со моменталната состојба?

Answered: 40    Skipped: 1




| ANSWER CHOICES | RESPONSES | |
|---|---|---|
| волонтирање и помош за повозрасните граѓани | 20.00% | 8 |
| работа на терен за обезбедување и дистрибуција на медицинска и друга опрема | 17.50% | 7 |
| информативни кампањи | 75.00% | 30 |
| онлајн едукативни содржини | 70.00% | 28 |
| нови технолошки алатки | 32.50% | 13 |
| друго Responses | 22.50% | 9 |

## ПРОГРАМИ НА МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОСОТОЈБА НА КОВИД 19

На прашањето што организациите прават во оваа состојба, а особено како придонесуваат во ситуацијата со КОВИД 19, најголем дел, или дури две третини одговориле дека се ангажирани во сферите на **информативни кампањи и онлајн едукативни содржини**. Младинските организации, исто така, се активни и во **креирањето нови технолошки алатки** или адаптација на истите, како и **волонтирање и пружање помош на ранливите групи граѓани и работа на терен преку дистрибуција на медицинска и друга опрема**. Голем дел од младинските организации исто така се активни и во пружање **психолошка поддршка за млади**, онлајн **помош за млади кои останале без работа**, **анализа на медиумски содржини и медиумска писменост.**

Кои се потребите на Вашата организација и која дополнителна помош верувате дека може да се обезбеди од страна на државните институции?

Answered: 40 Skipped: 1




| ANSWER CHOICES | | RESPONSES | |
|---|---|---|---|
| обезбедување на контакти или информации од институции или донатори | | 47.50% | 19 |
| финансиски информации или помош | | 85.00% | 34 |
| заштитна опрема | | 20.00% | 8 |
| обезбеден бесплатен простор за работа | | 32.50% | 13 |
| потрошувачки производи | | 20.00% | 8 |
| онлајн алатки и ИТ поддршка за адаптација на работата | | 57.50% | 23 |
| друго | Responses | 5.00% | 2 |

## ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во своите одговори на прашањето какви се потребите на организациите и каква дополнителна помош им треба, а истата да може да се добие од страна на државните инситутиции, најголем дел од младинските организации одговориле дека тоа се **финансиски информации и помош како и обезбедување контакти од институции и донатори кои може да понудат помош**. Половината исто така сметаат дека институциите може и треба да понудат **онлајн алатки и технолошка поддршка за адаптација на работата на организациите.** Не е мал и бројот на оние организации кои сметаат дека институциите треба и можат **да понудат бесплатен простор за работа** поради финансиските тешкотии со кои се соочуваат младинските организации. Организациите кои работат со ранливите групи на граѓани имаат потреба и од **заштитна опрема и потрошувачки производи.**

Дали вашата организација е спремна да се адаптира кон нови или изменети програми, проекти или активности кои ќе произлезат како потреба со појавата на Ковид-19 ? Ве молиме наведете кои:

Answered: 41 Skipped: 0




| ANSWER CHOICES | RESPONSES |
|---|---|
| волонтерство и работа на терен, хуманитарна работа и активизам | 12.20% |
| креирање јавни онлајн кампањи | 26.83% |
| ИТ алатки и содржина за образование на ученици, наставници, млади | 21.95% |
| соработка со бизнис сектор и прибирање средства од приватни донатори | 2.44% |
| соработка со јавен сектор | 4.88% |
| едукација за здравје, животна средина и сл. | 7.32% |
| помош и поддршка на млади кои ќе останат без работа, работнички права | 9.76% |
| детектирање на лажни вести и дезинформации и мониторинг на истите | 7.32% |
| друго Responses | 7.32% |

## МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СЕ ПОДГОТВЕНИ ДА ГИ СТАВАТ НА РАСПОЛАГАЊЕ СВОИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО УСЛОВИ НА КРИЗИ

Младинските организации во услови на кризи се подготвени да се прилагодат на новата состојба и да ги адаптираат своите проекти и програми како и да ги понудат своите капацитети доколку е потребно. Различни се областите во кои тие може да помогнат. Најголем број од организациите можат да се ангажираат во к**реирање на јавни онлајн кампањи, создавање или адаптирање на содржини за образование на ученици, наставници и млади**. Не е мал бројот на организации кои може да се активираат во **програми за волонтирање и работа на терен, поддршка на млади кои ќе останат без работа, едукација за здравје и животна средина, детекција на дезинформации.** Младинските организации сакаат **да соработуваат и со јавниот и приватниот сектор** во услови на криза и по завршување на истата, а во насока на заедничко делување и поголема подготвеност на општеството за прилагодување во вакви и слични кризи.

# МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА ЗА МЛАДИНСКИОТ ГРАЃАНСКИ СЕКТОР И ПРЕПОРАКИ ЗА НЕГОВО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО УСЛОВИ НА КРИЗИ

- Воведување на ваучери за младински организации и организации за млади;
- Обезбедување фондови за проекти насочени кон младите;
- Субвенционирање на плати и придонеси за вработени во младински организации и организации за млади;
- Намалување на персоналниот данок за лица ангажирани во младински организации и организации за млади;
- Административни грантови за младински организации и организации за млади;
- Обезбедување физички и вуртуелен простор за работа со млади, наменет за младинските организации и организации за млади;
- Финансиска поддршка за младински работници и обезбедување можности за нивна доедукација;
- Промоција и примена на Законот за младинско учество и младински политики;
- Поддршка на младинските организации и организациите за млади во обезбедување финансиска поддршка од донаторската заедница;
- Финансиска поддршка на младинските организации и организациите за млади преку оперативни/институционални неповратни гранотви;
- Обезбедување едукативни можности за квалификација и доквалификација на млади;
- Финансиска поддршка за пристап до платформи за спроведување онлајн активности, за младински организации и организации за млади;
- Обезбедување административна и правна поддршка за младинските организации и организациите за млади;
- Креирање на алатки за истражување и соработка на младинскиот сектор и релевантни институции;
- Воведување на грантови за итни интервенции;
- Обезбедување дозволи, превоз и дополнителни услови за реализација на теренски активности на младинските организации и организациите за млади, во периодот на важење на забраната за движење;
- Спроведување на консултативен процес со млади, младински организации и организации за млади, при носење на нови пакети на мерки за помош;
- Финансиска помош и поддршка за млади кои го изгубиле работното место во кризниот период;
- Поддршка за млади прифесионалци за креирање на нови иновативни решенија за соочување со новата изменета реалност;
- Бесплатни дигитални услуги за млади, младински организации и организации за млади;
- Едукација за користење на информатички технологии за млади, младински организации и организации за млади;
- Поддршка за дигитализација на младинскиот сектор;
- Волонтерски акции за помош на ранливите групи граѓани;
- Креирање можности за таргетирање на директни корисници, маргинализирани групи и лица со помалку можности на локално ниво;
- Обезбедување на заштитна опрема за вработени во младински организации и организации за млади;

Од резултатите на овој извештај се креираше платформа која ги прикажува сите организации кои вложија време да го одговорат доставениот прашалник. На мапата се дефинирани сите области во кои работат организациите кои се активни во време на КОВИД 19.

Целта е да ги собере на едно место сите организации за млади кои ги ставаат на располагање своите капацитети за понатамошно нивно вклучување во време на кризи.

Доколку сакате Вашата организација да биде вклучена на оваа платформа, Ве молиме да не комуницирате тука.

Извештајот е подготвен од:
Младиинфо Интернационал &
Лидери за едукација, активизам и развој